ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 02.06.2020 година |
| Тема: | **„Летна разгледница “** |





**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност.<br>- Дететосе гордее со своите постигнувања и верува во своите способности.<br>- Детето може да го збогати својот речник и и да покаже напредок во правилниот говор. |
| Цел на активноста: | - Да се оспособува на творештво при набљудување, користење, комбинирање и истражување со различни ликовни и неликовнитворечки материјали;<br>- Да се поттикнува да искажува радост и задоволство од успешно извршената работа;<br>- Да се поттикнува на павилна артикулација и дискриминација на гласовите;<br>- Да се мотивира да го вежба помнењето преку изразено рецитирање на стихотворба; |
| Активност | **„Овошен забавен ден (јагоди, цреши, праски)”** |
| Опис на | Со децата разговарајте за видовите пролетни овошја и нивното значење за нашето |

| | |
|---|---|
| активноста | здравје, витамините кои ги содржат и здравјето кое ни го даваат. Ако сте во можност одете заедно до најблиската продавница и купете цреши, јагоди, праски, сите ранопролетни. Дома овошјето убаво се мие и го послужувате на маса. Заеднички се договарате да направите сок или вкусно смути. Детето нека учествува во подготовката, набљудувајќи го целиот процес на преработка на овошјето. На здравје нека ни е! Убава порака за здрави навики.<br>Во понатамошниот тек на денот, на детето прочитајте му ја стихотворбата „Цреши”, неколку пати, со правилна дикција. Објаснете му ги на детето непознатите зборови доколку ги има, и заедно повторувајте ги стиховите додека детето не ја усвои. Стихотворбата е убава, кратка и лесна .<br><br>**Цреши**<br>Црешички, црешички,<br>сакам да ве скинам,<br>но премногу куси<br>рачиња јас имам.<br><br>Црешички, црешички<br>О, црешички ранки,<br>барем само малку<br>наведнете гранки.<br><br>Откако ќе се усвојат овие активности денот можете да го заокружите со ликовни активности за рано овошје:<br>***За изработка на цреша и јагода**<br>- превиткување на црвена хартија во мали кружни и овални форми и залепени во 3Д форма, зелени гранчиња и лисја;<br>*__За изработка на праска__<br>- користете пластична или хартиена чинија, која детето ќе ја излепи со колаж хартија или хартија во боја (во нијанси на портокалова боја), ицепкана на ситни парчиња дополнувајќи го плодот со зелени ливчиња.<br><br>Денот да ви биде проследен со песничка, која исто така може да ја научите со детето да ја пеете - Фестивал Супер Ѕвезда 2013 „Јагоди” (отвори линк подоле) |
| Потребни материјали | Свежо ранопролетно овошје, соковник, блендер, хартија во боја, лепак, ножички, фломастери, колаж, пластични или хартиени чинии. |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=VA1eGn4t4L8&list=PLGumt5_xWuDTvpqe2P9gdOaVd3ufd-8f1&index=28&t=0s&fbclid=IwAR2rWBNb4ZLlc9oSEn8MAtj-px1hh8yQ_Jbmv7ddU0a1lrPZgIytynLuueU |















| | |
|---|---|
| | <br> |

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Дететодемонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност.<br>- Дететосе гордее со своите постигања и верува во своите способности.<br>- Детето покажува истрајност во превземените активности. |
| Цел на активноста: | - Да се поттикнува самостојноста во користењето на различен ликовен и останат неликовен материјал;<br>- Да се поттикне интерес за учество во ликовни активности преку користење на разни форми на ликовно изразување;<br>- Да се поттикнува да ги развива радоста и задоволството од успешно завршената работа;<br>- Да се мотивира да го вежба помнењето преку изразно рецитирање на стихотворба; |
| Активност | **„Вкусно јадам и се сладам"** |

| | |
|---|---|
| Опис на активноста | Денот започнете го со вкусување на здрава храна – овошје кое зрее во рана пролет (јагоди, цреши, праски). Подгответе вкусен сок од нив заедно со детето. На здравје нека ни е! Убава порака за здрави навики.<br>Разговарајте со детето за карактеристиките на овие прекрасни плодови – каде растат, со кои витамини се богати и какви се по боја.<br>Со детето научете ја стихотворбата „Цреши". Прочитајте му ја на детето неколку пати, ако има нејасни зборови објаснете им ги и повторувајте заедно, а потоа и детето само кога ќе ја усвои во целост.<br><br>**Цреши**<br><br>Нашите цреши<br>многу се зрели.<br>има и црвени<br>има и бели.<br><br>Ако е една<br>во уста ја ставам<br>ако се две<br>обетки правам.<br><br>Ликовите активности за детето се секогаш интересни.<br>- Направете цреши од хартија во боја ( отвори линк подолу )<br>- Нацртајте или испечатете му на детето јаготка и дајте му да ја обои, користејќи црвена боја за плодоти зелена боја за лисјата, со помош на стапчиња за уши.<br>- Направете компир печат во форма на праска, па детето играјќи со мешање на боите нека прави отпечатоци на бела хартија;<br><br>По завршената ликовна активност детето нека ја слушне и кратката приказна „Верче и јаготките" (отвори линкподоле). |
| Потребни материјали | Свежо ранопролетно овошје, соковник, блендер, хартија во боја, лепак, ношички, фломастери, темперни или водени бои, стапчиња за уши, компир печат. |
| Прикачување на слика, линк, или видео |     |

| | |
|---|---|
| |   <br> <br>https://www.youtube.com/watch?v=BSb-p-ghtfQ&feature=youtu.be&fbclid=IwAR3hzULqcWZxw6EJcw5yxhyiXjJ4GkwfC9j5nDpZTHC5byUH2kz77lr7GX8<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=HFlI5psQ2PU&feature=youtu.be&fbclid=IwAR3UdGvQjliWgbFZ7qf3sdliYZbWDe-kRPCm8Z322nGszLHig19oa0ebfzM |

**Возрасна група: 2-3 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност.<br>- Детето може да развие социјални вештини во интеракција со возрасните. |
| Цел на активноста: | - Да се поттикне интересот на детето кон цртањето и обликувањето на разни едноставни форми;<br>- Да се поттикнува на развивање на односите дете-возрасен, возрасен-дете; |
| Активност | **„Вкусно и здраво овошје”** |

| | |
|---|---|
| Опис на активноста | Свежо овошје е убаво измиено и исчистено од семките. Со детето разговарате за него,со едноставни зборови го опишувате, допирате и вкусувате. Може да подоготвите и свеж сок од него и заедно да се засладите со детето. На здравје нека ни е! Убава порака за здрави навики уште од најрана возраст.<br>Потоа пуштете му го на детето краткиот анимиран цртан филм (отвори линк подоле), додека ужива вкусувајќи ги витамините и пиејќи го својот омилен сок.<br><br>Ликовната активност со детето можете да ја изработите на следниов начин:<br>- На детето нацртајте му или испечатете јагода, цреша или праска или ако сака може и детето само да ги нацрта и со соодветна боја за овошјето нека ги обои.<br>- од плутена тапа на бел лист детето да печати цреши а со зелена боја или фломастер да го дополни изгледот на црешата; |
| Потребни материјали | Свежо ранопролетно овошје, соковник, блендер, бел лист хартија, фломастери и темперни или водени бои, плутена тапа. |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=nSnuOjEu8zI&feature=youtu.be&fbclid=IwAR2Y36INaJOFHRzXZD0Mn4NJDN1-90SQL0MxqVcd59OvNgciEBOl-LOLUyk<br>   |






Cherry
3
2
1
1
1
2
3
4
4
4



Strawberry
4
3
1
1
1
1
1
1
2
1
2
3
4


WINE CORK
cherries
craftymorning.com

- Активности за попладневни часови - Подготвуваме„ Овошна и зеленчукова салата“






- Стихотворби +

ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК



ЗЕЛКА ЗЕЛЕНА
Зелка зелка зелена,
на три дела делена.
Едното мене,
другото тебе.
Третото го нема,
зајчето го зема.



САЛАТА
Бојан сака салата
и затоа ја сади.
За да расте побрзо
со водичка ја вади.

А пред да ја издроби
со вода ја плакне,
зошто може полжавче
со рогови да лапне.



ПЛОДОВИ

Плодовите, мама ми вели,
се јадат кога се зрели.

Важно е да се миени,
со нешто чисто покриени.

Еднаш да каснеш
голем да раснеш.